Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 година, во однос на Информацијата Уп1 бр.08-13 од 13.04.2022 година во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата имајќи го предвид текот на досегашната постапка за избор на економски оператор кој ќе ја изработи Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување, односно фактот дека постапката беше два пати поништена од објективни причини (затоа што беа доставени неприфатливи понуди согласно ЗЈН) и предметната студија не може да биде изработена и објавена на веб страницата на Агенцијата во законски предвидениот рок (заклучно со 20.04.2022 година), врз основа на член 94 од ЗОУП, а во врска со член 9 од истиот Закон, донесе заклучок:

- рокот за изработка и објава на Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс да се продолжи за 30 дена, односно заклучно со 20.05.2022 година, и
- продолжувањето на рокот за изработка и објава на Студијата, новиот датум на неговото истекување и соодветната причина, да и се соопштат на странката во првичниот рок односно заклучно со 20.04.2022 година.

**Бр. 02-1682/3**

**15-04 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**